*Makedonijaturist a.d.*

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

за активностите во периодот 01.01 - 31.12.2023 год.

Февруари, 2024

*Листа за дистрибуција:*

Управен одбор
Надзорен одбор
Собрание на акционери

**СОДРЖИНА**

1. Вовед……………………………………………………………………………..2
2. Извршени ревизии, наоди и предложени мерки…………………………………..2
    2.1. Ревизија на Осигурување на имот и пријава на штети………………………3
    2.2. Ревизија на Организирани настани……………………………………………4
    2.3. Ревизија на Процедура за рецепција…………………………………………..4
    2.4. Ревизија на Процедура за техничко одржување……………………………..5
    2.5. Ревизија на Набавка и магацинско работење………………………………..5
    2.6. Ревизија на Свадби………………………………………………………………6
3. Контролни активности…………………………………………………………………6
4. Останати активности………………………………………………………………..6
5. Оценка на спроведување на мерки предложени од страна на Службата за внатрешна ревизија……………………………………………………………………6
6. Реализација на псотавените цели согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година и оценка на планираното време за контрола……….6
7. Оценка на адекватност и ефикасност на системите за внатрешна контрола...7

## 1. ВОВЕД

Во согласност со Законот за трговски друштва (415а - 415г) како и Правилникот за работа, Службата за внатрешна ревизија вршеше редовни ревизии предвидени со Годишниот план за работа од декември 2022 година, кој се однесува за 2023 година, одобрен и усвоен од Надзорниот Одбор на Македонијатурист АД Скопје.
Внатрешната ревизија на Друштвото поднесува Годишен извештај за работењето во периодот од 01.01 - 31.12.2023 година.

Извештајот за работењето согласно одредбите содржи:

- Опис на извршени ревизии на работењето на Друштвото;
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;
- Наоди и предложени мерки на Службата за внатрешна ревизија;
- Оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на внатрешната ревизија;
- Оцена на реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;
- Оцена за планираното време за контрола и евентуално отстапување; и
- Информации за извршени други активности.

Внатрешната ревизија е независна активност која обезбедува објективно испитување на ефикасноста и адекватноста на активностите на Друштвото, како и советодавна активност со цел да го обезбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото.

Воспоставувањето и одржувањето на системите на интерна контрола претставува одговорност на раководството и вработените под надзор на Управниот и Надзорниот одбор. Вкупниот расположлив капацитет на Службата за внатрешна ревизија е еден внатрешен ревизор.

## 2. Извршени ревизии, наоди и предложени мерки на службата за внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија вршеше редовни ревизии предвидени со Годишниот план за работа за 2023 година. Во текот на ревизорските прегледи одговорните лица беа редовно и на време информирани за наодите и препораките од ревизијата.

Во текот на работењето се извршија и активности кои беа насочени кон контрола на одредени активности и процеси во Друштвото.

Ревизорски активности и техники кои може да се употребуваат во текот на ревизијата се: набљудување, интервјуа со вработените и раководството, увид во апликации за работа и финансиски софтвер, тестирање и аналитички постапки.

Во текот на 2023 година беа извршени следните ревизии:

**Табела 1**

| Р.бр. | Област на ревизија | Ревидиран сектор /служба | Бр.на извештај | Период на реализација | Број на дадени наоди |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Осигурување на имот и пријава на штети | Организационо-технички сектор и Сметководство | 70/2023 | мај 2023 | / |
| 2 | Организирани настани | Подружниците на дрштвото | 71/2023 | јуни 2023 | 3 |
| 3 | Процедура за рецепција | Подружниците на друштвото | 72/2023 | јули 2023 | / |
| 4 | Процедура за техничко одржување | Техничка служба и Подружниците на друштвото | 73/2023 | јули 2023 | 2 |
| 5 | Набавка и магацинско работење | Централен магацин | 74/2023 | септември 2023 | / |
| 6 | Свадби | Подружниците на друштвото | 75/2023 | октомври 2023 | / |
| | | **Вкупно предложени мерки:** | | | **5** |

Во продолжение следува краток опис на реализираните редовни ревизии за 2023 година.

### 2.1. Ревизија на Осигурување на имот и пријава на штети

Целта на ревизијата претставуваше оценката на интерните контроли во процесот на осигурување на имот и пријава на штети, како и нивен сметководствен третман.

Опфат на ревизијата:

- контрола на осигурителни полиси;
- документирање и исплата на штети;
- контрола на исплатата на штети по нивна пријава.

Период на ревидирање: 2022/2023

По спроведената ревизија не беа констатирани наоди што би упатиле кон сомнеж во однос на Осигурувањето на имот и пријава на штети во Друштвото. Службата за внатрешна ревизија не даде препораки за подобрување на работењето во оваа област.

Издаден извештај бр. 70/2023.

**2.2 Ревизија на Организирани настани**

Целта на ревизијата претставуваше оценка на интерните контроли и меѓусекторската комуникација при подготовка на организиран настан, и проверка на наплатата на настаните.

Опфат на ревизијата:

- увид во дадени понуди за организирање нстан;
- проверка на договори за организирани настани;
- проверка на работни налози;
- преглед на издадени фактури/профактури и нивна наплата;
- сметководствен третман.

Период на ревидирање: Јануари – Декември 2022.

По спроведената ревизија, беа констатирани наоди што би упатиле сомнеж во однос на Организирање настани. Службата за внатрешна ревизија даде, вкупно 3 препораки за подобрување на работењето во оваа област. Препораките беа имплементирани од одговорните лица. Со имплементација на препораките, потенцијалните ризици беа отстранети.

Издаден извештај бр. 71/2023.

**2.3 Ревизија на Процедура за рецепција**

Целта на ревизијата претставуваше мониторинг и оценка на интерните контроли при спроведување на Процедурата за рецепција.

Опфат на ревизијата:

- проверка на фискализација;
- проверка на менувачко работење;
- контрола на парични средства;
- проверка на журнали и рекапитулари на промет.

Период на ревидирање: Јануари – Мај 2023.

По спроведената ревизија не беа констатирани наоди што би упатиле кон сомнеж во однос на спроведување на Процедурата за рецепција. Службата за внатрешна

ревизија не даде препораки за подобрување на работењето во оваа област.

Издаден извештај бр. 72/2023.

**2.4. Ревизија на Процедура за техничко одржување**

Целта на ревизијата претставуваше оценка на интерни контроли при спроведување на Процедурата за техничко одржување во Подружници.

Опфат на ревизијата:

- проверка на лсити на дефекти;
- проверка на работни налози;
- контрола на требовања.

Период на ревидирање: Јануари – Јуни 2023.

По спроведената ревизија, беа констатирани наоди што би упатиле сомнеж во однос на Техничкото одржување. Службата за внатрешна ревизија даде, вкупно 2 препораки за подобрување на работењето во оваа област. Препораките беа имплементирани од одговорните лица. Со имплементација на препораките, потенцијалните ризици беа отстранети.

Издаден извештај бр. 73/2023.

**2.5. Ревизија на Набавка и магацинско работење**

Целта на ревизијата претставуваше оценка на избор за нај поволни добавувачи, оценка на квалитативен и квантитативен прием, материјално заведување во системот за работа на централниот магацин, чување на производите во магацинот и контрола на фактури.

Опфат на ревизијата:

- контрола на понуди за набавка од различни добавувачи;
- контрола на квалитативен и квантитативен прием;
- контрола на соодветно материјално заведување и задолжување во централниот магацин;
- контрола на чување на производите и контрола на фактури.

Период на ревидирање: Јули – Септември 2023.

По спроведената ревизија не беа констатирани наоди што би упатиле кон сомнеж во однос на спроведување на Процедурата за набавка, магацинско работење и царинење. Службата за внатрешна ревизија не даде препораки за подобрување на работењето во оваа област.

Издаден извештај бр. 74/2023.

### 2.6. Ревизија на Свадби

Целта на ревизијата претставуваше оценка на интерни контроли при организирање и наплата на свадби.

Опфат на ревизијата:

- проверка на договори за свадби;
- спецификации за храна и пијалок;
- проверка на ЗАМП;
- сметководствен третман.

Период на ревидирање: Јануари – Октомври 2023.

По спроведената ревизија не беа констатирани наоди што би упатиле кон сомнеж во однос на организирањето Свадбени веселби. Службата за внатрешна ревизија не даде препораки за подобрување на работењето во оваа област.

Издаден извештај бр. 75/2023.

## 3. Контролни активности

Во текот на 2023 година беа извршени теренски контроли на активностите во сите хотели на Друштвото, предвидени со Планот за внатрешна ревизија во 2023 година.

## 4. Останати активности

Останати активности во кои беше вклучена Внатрешната ревизија се: годишен редовен попис на централниот магацин на Друштвото, годишни редовни пописи на основни средства и ситен инвентар во подружниците на Друштвото.

## 5. Оценка на спроведување на мерки предложени од страна на службата за внатрешна ревизија

Предложените мерки за 2023 година се дадени за подобрување на системите на интерна контрола и истите се прифатени од вработените во Друштвото со добра волја и уверување за нивна имплементација во идното работење. Контрола дали истите се навистина применети е извршена во тек на годината.

## 6. Реализација на поставените цели согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година и оцена на планираното време за контрола

Внатрешната ревизија беше фокусирана кон ефикасно остварување на поставените цели од Годишниот план во рамки на расположливото време и човечки ресурси, а при тоа настојувајќи да се задржи квалитетот на ревизорската работа.

Службата за внатрешна ревизија смета дека основните поставени цели со

Годишниот план за 2023 година се остварени во целост.

Потребеното време за вршење на ревизии беше во согласност со планираното и немаше значајни отстапувања.

## 7. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола

Службата за внатрешна ревизија при оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола во ревидираните процеси и активности во текот на 2023 година се раководеше од најзначајните компоненти и цели на системите на интерна контрола и тоа:

- Дали ревидираните процеси или активности се регулирани со интерни акти – политики и процедури и колку тие се во согласност со законската регулатива и деловната политика на Друштвото;
- Дали постои адекватна поделба на должности, овластувања и одговорности на вработените во организационите единици со цел минимизирање на ризик од намерни или ненамерни грешки и злоупотреби;
- Дали е имплементиран ефикасен систем на комуникација на различни нивоа со цел за целосно соодветно и точно разбирање и примена на политиките и процедурите во секојдневните задачи и одговорности;
- Дали ревидираните области и процеси се поддржани со адекватен информатички систем.

***Оценка на службата за внатрешна ревизија***

Врз основа на извршените ревизии во текот на 2023 година, внатрешната ревизија се стекна со разумно уверување дека системите за внатрешна контрола се на задоволително ниво и се конструирани во насока на минимизирање на ризиците и остварување на деловната политика на Друштвото, при што предложените мерки од внатрешната ревизија се даваат за подобрување и зајакнување на внатрешните контроли.

**Подготвил:**



*Александар Ивановски, м-р.*
Внатрешна ревизија